ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

1. Прашање:

Во постапки за јавни набавки учествува економски оператор (Друштво -ДОО) кое е основано од двајца содружници. Едниот е пензионер и учествува во донесување на некои одлуки во врска со Друштвото. Вториот содружник е управител на друштвото во редовен работен однос, потисник на договори, фактури, понуди, завршни сметки, а воедно е и преставник за учество во постапки за јавни набавки.

Оваа година отиде во пензија меѓутоа со договор за дело продолжи да ги обавува сите обврски кон друштвото, односно да биде управител, потпишува фактури, завршни сметки, договори и понуди. По извршени консултации утврдивме дека од правна гледна точка е во ред.

Прашањето е дали може друштвото да го преставува за учество во постапки за јавни набавки, иако е официјално во пензија и за друштвото работи по договор за дело како ангажирано лице и е управител на друштвото?

Одговор:

Согласно член 2 точка 6 од законот, „економски оператор" е секое физичко или правно лице или група од такви лица, вклучувајки ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи.

Законот за јавните набавки не го уредува прашањето на претставување на економскиот оператор во постапките за јавни набавки,. Сепак, се подразбира дека тоа лице треба да е овластено за застапување и претставување согласно прописите што го уредуваат работењето на трговските друштва.

Оттука, доколку имате дилеми околку овластувањето на лицето да го застапува друштвото и да постапува во негово име и за негова сметка, ве упатуваме да се обратите до министерството надлежно за следење на примена на законот со кој се уредува работењето на трговските друштва.

2. Прашање:

Економскиот оператор е во постапка за промена на називот пред Централниот регистар на РСМ. Се менува само називот, а ЕМБС, ЕДБ, седиштето, дејноста, управителот и сопственоста останууваат исти.

Дилемата се однесува на следниве прашања промена е извршена пред крајниот рок за доставување на понуди (понудата е веќе поднесена со стариот назив), дали понудата ќе се смета за валидна и дали економскиот оператор е должен да го извести договорниот орган за промената?

Во случај на промена по крајниот рок (за време на евалуацијата или пред склучување на договорот), дали договорниот орган може да ја отфрли понудата поради тоа што називот во понудата не е ист со називот во Централниот регистар?

Дали на веќе склучените договори, рамковните спогодби и гаранциите (на пример, банкарските гаранции издадени на стариот назив) им треба анекс?

Одговор:

Способност за вршење професионална дејност, економскиот оператор ја докажува со доставување на доказ преку кој може да се утврди дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Во нашата земја ваков документ издава Централниот регистар на Република Северна Македонија. Сепак, предвид треба да се има дека со Законот за јавните набавки не се уредуваат правните форми, основањето, управувањето, одговорноста, престанувањето и статусните промени на трговските друштва туку со Законот за трговските друштва.

Оттука, прашањето дали при „промена на називот на трговското друштво" ќе треба да се извадат нови документи со кои економскиот оператор ја докажува способноста за вршење на професионална дејност, како и дека не постојат причини за исклучување од постапката, зависи од можноста од истите со сигурност да се утврди дека станува збор за ист економски оператор.

Имајќи предвид дека, статусните промени на трговските друштва се евидентираат во Централниот регистар, сметаме дека треба да се обратите до истиот со цел добивање на документ преку кој ќе може да се утврди дека станува збор за ист економски оператор кај кој се врши промена во називот.

Истовремено укажуваме дека електронски поднесената понуда има валидност и доказна сила еднаква на понуда која е доставена во хартиена форма кога е потпишана со користење на квалификуван сертификати за електронски потпис издаден од регистриран издавач на сертификати.

Квалификуваните сертификати за електронски потпис, за да бидат валидни треба меѓуостанатото да содржат: збир на податоци кои недвосмислено го претставуваат давателот на квалификувани доверливи услуги кој го издал квалификуваниот сертификат за електронски потписи:

- за правно лице: името и единствениот матичен број на субјектот,

- за физичко лице: името на лицето.

Давателот на квалификувана доверлива услуга кој го издава квалификуваниот сертификат за електронски потпис, за електронски печат и за автентичност на веб страница е должен да го укине издадениот квалификуван сертификат, доколку:

1) сопственикот на сертификатот за квалификуван електронски потпис, за електронски печат или за автентичност на веб страница поднесе барање за поништување на сертификатот;

2) сопственикот на сертификатот ја загуби деловната способност или престанал да постои или се променети околности кои влијаат на валидноста на сертификатот.

Во конкретниов случај станува збор за променети околностите, однонсно збирот на податоците не соодветсвува со податоците на вистинскиот понудувач. Оттука

сертификатот за електронски потпис ќе се смета за невалиден. Што значи дека екномскиот оператор ќе треба да се извади нов сертификати за електронски потпис.

Во член 117 став (3) од Законот за јавните набавки, е пропишано дека на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од ЗЈН, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка. Според тоа, со Законот за јавните набавки се пропишува супсидијарна примена на законот што ги уредува облигационите односи на договорите за јавни набавки на соодветен начин.

Но, примената на Законот за облигационите односи е поширока и не се протега само на одговорноста за исполнувањето на договорите. Имено, согласно член 16 од Законот за облигационите односи, врз облигационите односи кои се уредуваат со други закони се применуваат одредбите на овој закон во прашањата што не се уредени со тој закон. Оттука, врз договорите за јавни набавки (и рамковните спогодби) ќе се применува Законот за облигационите односи за се освен за специфичните прашања кои што се предмет на уредување на членовите 116 до 120 од ЗЈН.

Условите под кои може да се измени договорот за јавна набавка во текот на неговата важност без спроведување на нова постапка за јавна набавка се пропишани во член 119 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од законот.

Оттука, и покрај тоа што законот експлицитно не содржи основ за измена на договорот во случај на статусни промени кај носителот на набавката, предвид треба да се имаа одредбите од Законот за облигационите односи.

ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

3. Прашање:

Постапката за јавна набавка на „Санација на платформа за подготовка на солен раствор за ЈФ 1 и 2, со замена на решетки на канали и нивелација на под“, досега е објавена двапати. При што во двата наврати не е поднесена ниту една понуда, односно не е обезбеден интерес од економските оператори за учество во постапката.

Притоа, во првата постапка набавката беше објавена како неделива, додека во втората постапка беше објавена како делива.

Доколку, не постојат законски услови за спроведување постапка со преговарање без објавување на оглас, дали е потребно повторно да се објави јавната набавка, и доколку е потребно, дали истата треба да се спроведе како делива или неделива, имајќи предвид дека во претходните две постапки е применет различен пристап во однос на поделбата на предметот на набавката?

Одговор:

Во случај кога договорниот орган има спроведено две неуспешни постапки за јавни набавки, укажуваме дека истиот треба да ја испита причината за недостатокот на интерес на економските оператори да учествуваат во постапките кои ги спровел, со цел во иднина да не се наоѓа во слична ситуација. Така, доколку причина за неучество во постапката се лошо

дефинирани тендерски услови или недоволно обезбедени средства, ќе треба да се посвети особено внимание при дефинирање на барањата и/или спецификациите, како и на правилна проценка на вредноста на набавката и средствата кои ќе бидат потребни за да се реализира предметната потребата.

Дополнително, препорачуваме да спроведете претходна проверка на пазарот, односно технички дијалог со економските оператори согласно со член 76 од законот. Воедно, предвид треба да се има дека успешноста на постапките за јавни набавки зависи и од спроведената анализа на пазарот, односно од собирањето на информации кои што можат на договорниот орган да му помогнат во дефинирањето на неговите барања за набавки, во избирањето на најсоодветна постапка за избор на најповолна понуди како и начин на доделување на договорот.

Од друга страна, договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи согласно со член 55 став 1 под а) од законот, кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација.

Од изнесеново јасно произлегува дека постапка со преговарање без објавување оглас врз основа на горенаведениот основ, договорниот орган може да спроведе доколку претходно спровел две поедноставени отворени постапки, отворени постапки или на кои не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, и под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација.

Оттука, договорниот орган врз основа на целокупната документација со која располага треба да утврди дали и во која мера се исполнети условите за користење на наведениов основ за спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка.

ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

4. Прашање:

Доколку постапката за јавна набавка е поделена на повеќе делови, а еден ист економски оператор биде избран како најповолен понудувач за повеќе делови (на пример за сите 10 дела), дали со истиот оператор се склучува една единствена рамковна спогодба во која ќе бидат опфатени сите тие делови со соодветните цени и количини, или за секој дел задолжително се склучува посебна рамковна спогодба?

Дали во тендерската документација треба да се наведе дека истата се склучува врз основа на проценета вредност, а реализацијата ќе се врши сукцесивно според реалните потреби на договорниот орган и обезбедените средства (при што договорен орган не е обврзан да ја потроши максималната проценета сума доколку нема потреба)?

Одговор:

Согласно член 2 точка 36 од Законот за јавните набавки (во натамошниот текст: закон) рамковната спогодба, претставува писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и, ако е можно, предвидените количини.

Рамковната спогодба сама по себе не претставува договор за испорака на конкретна стока, обезбедување услуга или извршување работа. Спогодбата се подразбира како можност договорниот орган во моментот кога ќе му биде потребно нешто што е предмет на спогодбата да пристапи кон страната на рамковната спогодба (во случај на рамковна спогодба со повеќе економски оператори една од страните) и со неа да склучи договор за извршување на предметот на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата. Рамковната спогодба најчесто се склучува доколку: предметот на набавка е услуга или стока за широка потрошувачка; не се знае точно времето, ниту количината која ќе му биде потребна на договорниот орган; предметот е подложен на перманентно одржување и сервисирање; цената и условите за испорака на предметот постојано се менуваат и постои веројатност дека во текот на одреден период ќе има потреба од повторно доделување на договор за јавна набавка за истиот предмет, а договорниот орган со склучување на рамковна спогодба ќе заштеди време, ресурси и ќе ги намали трошоците за повторно спроведување на постапка за јавна набавка.

Особено внимание треба да се посвети на дефинирањето на потребните количини од предметот на набавка. Едната можност е договорниот орган да ја наведе планираната количина, но и можноста од истата да има отстапување позитивно/негативно во одреден процент, додека другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил, но и минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Ова значи во првиот случај, дека предвидените количини, договорниот орган нема обврска целосно да ги искористи доколку за тоа нема потреба, со што во пракса дел од предвидените количини можат да останат нереализирани, додека при определување на максималните или минимални количини, договорниот орган има обврска да ги набави во целост.

Ваквата обврска за договорниот орган произлегува од фактот што, во зависност од предметот на набавка, доколку не се утврдени количините кои договорниот орган ќе ги набави, можат да предизвикаат проблеми во работењето на економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач. Од друга страна пак ја намалува довербата на економските оператори во договорниот орган и може да ги одврати од намерата за учество во постапки за јавни набавки.

При доделување на договор за јавна набавка, непредвидувањето на количината, односно наведување на количина 1, претставува ризик од добивање на неспоредливи понуди. Имено, при определување на цената на понудата од особено значење е однапред да се знае количината, поголема количина резултира со добивање на пониска цена и обратно.

Оттука, во случај кога постои неизвесност околу потребните количини или временскиот период во кој ќе бидат потребни, се препорачува склучување на рамковна спогодба. При

што, договорниот орган треба да дефинира минимална/максимална количина или ориентациона количина, а доколку не ја наведе количината (заради спецификата на предметот на набавка) должен е да ја објави проценетата вредност на набавката, на што упатува и пресудата на Европскиот суд на правдата C-23/20 SIMONSEN & WEEL.

Дополнително, во однос на Вашето прашање, укажуваме дека согласно член 78 од законот, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови. При што, согласно со ставот (4) од наведениов член, може (не мора) да го ограничи бројот на деловите што може да се доделат на еден понудувач. Во таков случај, во тендерската документација ги наведува недискриминаторските критериуми или правила што ќе се користат при одлучување кои делови ќе се доделат на одреден понудувач доколку со примена на критериумите за избор на најповолна понуда тој понудувач е најповолен за повеќе делови од максималниот број.

Од друга страна, доколку во постапката е предвидено еден понудувач да може да добие повеќе делови, договорниот орган може да додели договор со здружување на неколку или на сите делови, под услов во огласот за јавна набавка, поканата за потврдување на интересот или поканата за поднесување понуди однапред да навел дека ја задржува можноста да определи делови или групи делови што можат да се здружуваат. Оттука, доколку ист економски оператор е избран како најповолен понудувач за повеќе делови, не постои обврска за секој дел да се склучи посебна рамковна спогодба, туку тие делови може да бидат опфатени со една рамковна спогодба, доколку таквата можност и начинот на здружување биле јасно утврдени во тендерската документацијата.

Воедно, а имајќи предвид дека од податоците неможе да се утврди за каков вид на рамковна спогодба станува збор рамковна спогодба со еден економски оператор или рамковна спогодба со повеќе економски оператори, ве упатуваме одговорот да го најдете на веб страницата на Бирото во делот на Најчесто поставувани прашања на следниов линк - https://www.bjn.gov.mk/faq/

ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

5. Прашање:

Дали организационата единица од која произлегла потребата за набавка треба да изготви предлог одлуката за јавна набавка, со проценета вредност и предлог на членовите на комисијата?

Одговор:

Согласно член 80 став (1) од Законот за јавните набавки, договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки. Лицето/лицата од организацискиот облик согласно со ставот (3) алинеја 2 од законот, меѓуостанатото ја изготвува одлуката за јавна набавка.

Во однос на вашата дилема кој кај договорниот орган треба да достави "предлог на одлука за јавна набавка, да ја определи проценета вредност, како и да предложи членови на комисијата", укажуваме дека улогите и задачите на внатрешните организациски единици во процесот на јавните набавки ги утврдува договорниот орган со интерен акт.

Со наведениов акт се уредува начинот на утврдување на потребите од набавки, изготвувањето на техничките спецификации за конкретниот предмет на набавка, иницирањето на отпочнување на планираните постапки за јавни набавки, постапувањето на комисијата во фазата на евалуација, постапувањето на организационите единици за чии потреби се спроведуваат конкретните набавки (што подразбира и номинирање на лица од организационата единица која има стручни знаења од предметот на набавка), кои како членови би учествувале во комисиите за јавни набавки, како и предлагање на лица задолжени за следење и реализација на договорите за јавни набавки.

Исто така, Ве известуваме дека одговорот може да го најдете на веб страната на Бирото за јавни набавки, во најчесто поставувани прашања, во делот – Комисијата за јавна набавка/Лице или организациски облик за јавни набавки, на следниот линк: https://www.bjn.gov.mk/faq/komisija-lice-ili-organizaciski-oblik/ .

6. Прашање:

Во постапка каде предмет на набавка е изработка на проектна и планска документација и ревизија на проектната и планската документација (со напомена ревизијата да ја изработи друг економски оператор кој тој самиот би си го обезбедил), дали договорниот орган ќе постапи спротивно на Законот за јавните набавки или ќе прекрши одредби на некој материјален пропис?

Одговор:

При спроведување на постапките за јавни набавки, договорниот орган покрај одредбите од Законот за јавните набавки соодветно ги применува и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Воедно, согласно член 78 став (1) од законот, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.

Исто така, во одлуката со која се утврдува потребата од конкретната јавна набавка, договорниот орган согласно член 77 став (4) од законот, меѓуостанатото ги наведува и причините за неделивост на предметот на набавка.

Следствено на погоренаведеното, договорниот орган во одлуката ќе треба да ги објасни причините за неделивоста на предметот на набавка, односно за неоформување на набавката на услуги за изработка на проектна и планска документација и ревизија на истата во делови.

Дополнително, за расчистување на дилемата дали материјалните прописи дозволуваат услугите за изработка на проектна и планска документација и ревизија на истата да ги изработува ист економски оператор, ве упатуваме да се обратите до надлежното министерство.

7. Прашање:

Дали за донесување Одлука за јавна набавка е доволно средствата да бидат предвидени во Годишниот план за јавни набавки или е потребно тие птретходно да бидат и финансиски обезбедени, односно потврдени од надлежниот финансиски сектор?

Дали во случај кога средствата се предвидени во Годишниот план за јавни набавки, но нивната обезбеденост не е потврдена од надлежниот финансиски сектор, може да се донесе Одлука за јавна набавка и да се спроведе постапка?

.Дали за исполнување на условот од член 2 точка 11 од ЗЈН за „прифатлива понуда" е доволно во одлуката за јавна набавка само да биде утврден износот на средствата со планирани средства, или е потребно средствата фактички да бидат обезбедени имајќи го предвид фактот дека согласно ЗЈН „прифатлива понуда" е понуда чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган?

Дали пред донесување на Одлука за избор на најповолна понуда во постапка за јавна набавка, е доволно средствата за предметната јавна набавка да бидат само утврдени во одлуката за јавна набавка или е потребно истите претходно да бидат и фактички обезбедени, односно потврдени од надлежниот сектор за финансиски прашања?

Дали средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка мора да бидат целосно финансиски обезбедени пред склучувањето на Договорот, или постои законска можност договорот да се склучи и кога стредствата се уште не се обезбедени, под услов истите да бидат обезбедени во подоцнежна фаза?

Доколку постои можност средствата да се обезбедат во подоцнежна фаза, ве молам за одговор кои законски одредби го дозволуваат тоа и во која фаза од постапката најдоцна треба да бидат обезбедени средствата?

Ваше мислење, во однос на значењето на формулацијата „се утврдува" во одредбата од член 77 став 2 од ЗЈН, дали истата подразбира само планирање и определување на средствата или и нивно фактичко финансиско обезбедување?

Одговор:

Во однос на прашањето под број 1, 2, 3, 4 и 5 предвид треба да се има дека за потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган. За таа цел договорниот орган согласно член 77 од законот, донесува одлука за јавна набавка. Со одлуката за јавна набавка меѓу останатото се утврдува и износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот или рамковната спогодба.

При тоа, напоменуваме дека средствата кои се предвидени со одлуката договорниот орган не треба да ги има на располагање кога ја отпочнува постапката за јавна набавка, туку треба да ги има на располагање во моментот на склучување на договорот, односно настанувањето на финансиските обврски од договорот кога ќе треба да изврши исплата за испорачаните стоки, извршените услуги или изведените работи.

Во однос на прашањето дали планираните средства треба да бидат „потврдени од надлежниот финансиски сектор" пред донесување на одлуката за јавна набавка, укажуваме дека улогите и задачите на внатрешните организациски единици во процесот на јавните набавки, договорниот орган ги утврдува со интерен акт за спроведување на јавните набавки.

Добра пракса е одлуката за јавна набавка да ја парафира и раководителот на организациската единица за финансиски прашања, со што на некој начин ќе се гарантира дека средствата ќе се обезбедат во моментот кога ќе настанат финансиските обврски од договорот.

Во однос на прашањето под број 6, договорните органи (буџетски корисници и единки корисници) предвид треба да ги имаат одредбите од член 50, 51 и 52 од Законот за буџети, со кои се уредува преземањето обврски во буџетот за тековната година, преземање обврски во буџетите за следните години и предуслови за започнување на јавните набавки.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

8. Прашање:

Што во случај кога во конкретна набавка во која во делот за исполнување на условите за техничка и професионална способност се бараат 2 реализирани договори, понудувачот достави потврди за реализирани договори издадени од економски оператор кој исто така е во сопственост на лицето во чија сопственост е и фирмата понудувач.

Лицето кое е подносител на понудата е воедно и потпишан на издадените потврди за реализирани договори. Ова практично значи дека лицето кое поседува 2 фирми си издава потврди самиот на себе. Како да постапиме?

Одговор:

Кога договорниот орган бара економските оператори да го докажат искуството од релевантни претходни испораки или извршени услуги кои успешно ги реализирал, во зависност од предметот на набавка (стока, услуга или работа), економскиот оператор истото може да го докаже согласно со ставот 8 точка а) и б) од законот.

Во однос на дилемата „од кого треба да биде издадена потврдата“,сметаме дека документот треба да биде издаден во таква форма и со таква содржина што сигурно потврдува што е извршено и за кого, и јасно е дека субјектот што го издава документот е независна од понудувачот и потврдува дека предметот на набавка бил успешно извршен.

Истовремено, укажуваме дека при спроведување на постапките за јавни набавки договорните органи се должни да ги почитуваат начелата на јавните набавки утврдени со членовите 3-8 од законот. При што согласно со начелото на конкуренција помеѓу економските оператори, договорниот орган ја спроведува постапката за јавна набавка согласно со прописите за заштита на конкуренцијата.

Исто така, при спроведување на постапките за јавните набавки, предвид треба да се имаат одредбите кои се однесуваат на општите мерки за спречување на корупцијата утврдени со членовите од 33, 34, 35 и 36 од законот.

Воедно, согласно член 37, за спречување на судир на интересите во постапките за јавни набавки, соодветно се применуваат и одредбите од Законот за спречување на судир на интереси.

Оттука, а со цел да обезбедите почитуваче на начелото на конкуренција помеѓу економските оператори, интегритетот на постапката како и да ги запазите сите етички и морални принципи, ве упатуваме да се обратите до Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за спречување на корупцијата.

ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

9. Прашање:

Во објавениот оглас за јавна набавка, договорниот орган има прикачено дополнителен документ со наслов „Прилог 6"(се однесува за критериумот квалитет), кој претставува изјава што треба да му помогне на договорниот орган полесно и побрзо да ги евалуира добиените понуди. Станува збор за јавна набавка во која критериум за избор на најповолна понуда е најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот.

Меѓутоа, обврската за доставување на овој прилог не е јасно наведена во тендерската документација. Во точката 4.3.1, во која се наведени елементите што треба да ги содржи понудата, се наведуваат:

- финансиска понуда;
- техничка понуда со бараните прилози;
- изјава за сериозност на понудата (Прилог 2);
- изјава или документи за докажување на способноста на економскиот оператор.

Дали економските оператори се должни задолжително да го достават Прилог 6, иако неговото доставување не е изречно наведено како посебен задолжителен документ во тендерската документација.

Дали недоставувањето на овој прилог може да биде причина за отфрлање на понудата, доколку економскиот оператор ги доставил сите други барани документи и докази врз основа на кои договорниот орган може да ја изврши евалуацијата согласно критериумот за избор на најповолна понуда.

Или, во ваков случај, доволно е да биде доставена целокупната документација со која се докажува исполнувањето на барањата и врз основа на која може да се изврши оценувањето на понудата?

Одговор:

Тендерската документација има клучна улога во постапките за јавни набавки и оттука истата треба да ги содржи сите неопходни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, барањата, условите, критериумите и други потребни податоци со цел да им овозможи на економските оператори квалитетно и навремено да ги изготват и поднесат своите понуди.

При тоа, договорниот орган согласно член 81 став (4) од законот, е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени во законски пропишаните роковови.

Точката од тендерската документација со наслов „Содржина на понудата“, е точка во која е наведена целокупната документација која треба да ја содржи понудата. Како едно потсетување на економските оператори.

Сепак, доколку тоа предизвкало дилема кај вас, сте треба да постапите согласно член 81 став (4) од законот и да поставите прашање.

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. При тоа, потребните документи преку кои ќе се оценува квалитетот, економскиот оператор треба да ги достави заедно со понудата.

Евалуацијата на понудите ја врши комисијата согласно барањата и критериумите наведени во тендерската документација, и истата е должна врз основа на доставената документација да утврди дали понуда е прифатлива или не.

Во однос на документите со кои економскиот оператор ја докажува способноста или бараниот квалитет, комисијата врз основа на барањата, утврдува дали од доставената документација може да ја оцени понудата, односно дали од доставените докази може несомнено да се утврди исполнувањето на условот кој бил баран.

ПОДИЗВЕДУВАЊЕ

10. Прашање:

Што треба да се поднесе во случај на користење на способност од други субјекти согласно член 96 став (2). Документација предвидена по член 96 или пак документација по член 118?

Со кој од овие два одредби членови би ја докажувале техничко-професионалната способност при учество на јавна набавка?

Одговор:

Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, согласно член 96 став (1) од законот, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Согласно со став (3) и (4) од горенаведениот член, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да достави валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси и дека ги исполнува потребните услови за квалитативен избор (во делот кој се однесува на поддршката која му ја дава на понудувачот), како и дека не постојат причини за негово исклучување.

Од друга страна, понудувачот согласно член 118 став (1) од законот, може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Во овој случај, согласно ставот (2) од наведениот член, понудувачот во понудата: ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи; доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи; доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

Имено, од горенаведеното произлегува дека користењето на способноста на други субјекти е уредено со членот 96 од законот. Додека, со членот 118 се пропишуваат сет од правила кои се однесуваат на користењето подизведувачи при извршување на договорот, начинот на докажување на нивната способност, можноста за нивно менување за време на извршувањето на договорот, како и начинот на нивно исплаќање за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи.

Оттука, субјектот чија способност економскиот оператор ја користи за да докаже дека ги исполнува бараните услови за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност само отстапува професионални или технички ресурси, но немора да учествува во реализацијата на договорот. Додека, подизведувачот извршува дел од договорот.

Во однос на потребната документација, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, покрај доказот дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси, треба да достави и документација преку која ќе се утврди дека субјектот ги исполнува потребните услови за квалитативен избор (во делот кој се однесува на поддршката која му ја дава на понудувачот), како и дека не постојат причини за негово исклучување. Ако економскиот оператор дал дел од договорот на подизведувач, во понудата ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи; доставува контакт податоци за застапниците на предложените подизведувачи; доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

ПРАВНА ЗАШТИТА

11. Прашање:

Спроведена е групна набавка помеѓу два договорни органи. Постапката е обжалена, а жалбата е усвоена. Трошоците од жалбената постапка и адвокатските трошоци кој треба да ги исплати. Само договорниот орган што ја објавил набавката или двата договорни органи?

Одговор:

Согласно член 166 став (1) во постапката пред Државната комисија секоја од странките претходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија.

При тоа, државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ, на кого и во кој рок мора да се платат.

Во однос на прашањето, кога се спроведува групна набавка „определените трошоците од жалбената постапка и адвокатските трошоци“, кој треба да ги исплати „дали договорниот орган што спровел постапката за јавна набавка или двата договорни органи“, истото не е експлицитно уредено со законот.

Сепак, а имајќи предвид дека групната набавка се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување

групна набавка, сметаме дека во договорот за групна набавка би требало да биде уредено и ова прашање.

Доколку, прашањето за исплата на евентуелни трошоци од жалбената постапка, не ви е уредено со договорот за групна набавка, сметаме дека треба меѓусебно да се договорите дали ќе ги исплатите трошоците од жалбената постапка и адвокатските трошоци, по пола.